




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**18-24 мај 2026 Билтен бр. 635**

# КОСЕЊЕ НА ТРЕВАТА ДОЛЖ УЛИЦАТА„ ЈУРИЈ ГАГАРИН“ ВО КОЗЛЕ

**18. мај**

**Општинските служби задолжени за косење на тревата и одржување на јавното зеленило, денеска се на терен во урбаните заедници „Кузман Јосифовски- Питу“ и „ Пецо Божиновски-Кочо“, во населбата Козле. Почнувајќи од локацијата кај Министерството за економија (ул, Јуриј Гагарин), тие в долж улицата, го косат парковското блоковско зеленило, завршувајќи кај паркот во Козле, спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“.**

**По претходно утврден план и динамика, општинските работници кои ја косат нараснатата трева, во наредниот период, теренски ќе ги поминат сите четиринаесет урбани и месни заедници кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Освен нив, тековно и секојдневно, лицата задолжени за одржување на хигиената и чистотата на сервисните улици, ги чистат и метат локалните улици, кои се под ингеренција на Општина Карпош.**

**Упатуваме апел до граѓаните и до сите општествени чинители, заедно да ја одржуваме на високо и задоволително ниво хигиената и јавната чистота во нашата општина.**



# ВТОРА ПРОЛЕТНА (ИНТЕРВЕНТНА) ДЕРАТИЗАЦИЈА

**18 мај**

**Покрај редовната, пролетна иницијатива за дератизација која се спроведе во месец март, Општина Карпош денеска ја започна втората пролетна (интервентна) дератизација на својата територија. Со оваа акција ќе бидат опфатени околу 5.000 шахти, а процесот на дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе биде извршен во сите основни училишта и детски градинки на подрачјето на локалната самоуправа.**

**Инаку, Општина Карпош ја презема оваа иницијатива секоја година на пролет и на есен, како превенција од штетните глодари и инсекти, во насока на одржување на здравата животна средина.**



# УЛИЦА „ЏУМАЈСКА“ СО НОВ ИНФРАСТРУКТУРЕН СЈАЈ

**19 мај**
**Целосно е реконструирана и пуштена во употреба за сообраќај улицата „Џумајска“ во урбаната заедница „Кузман Јосифовски – Питу. Станува збор за отсечка на улицата која се протега од раскрсницата со ул. „Леринска“ до раскрсницата со ул. „Брадфорска“, во должина од 517 метри. Со вкупна инвестиција од околу 15 милиони денари, обезбедена од Министерството за транспорт, реконструиран е коловозот кој опфаќа ревитализација на асфалтната површина, замена на рабниците и замена на долниот строј.**

**Изведувач на градежните работи е „Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје“, а инвеститор на овој комунален проект е Општина Карпош со проектант „ МГ Проект“, од Скопје.**

**Општина Карпош продолжува да инвестира средства во рамномерен инфраструктурен, урбан и комунален развој во сите четиринаесет урбани и месни заедници, кои се наоѓаат во нејзиниот состав.**



## КОСЕЊЕ НА ТРЕВА И ТРЕВНИ ПОВРШИНИ ВО У.З „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

**19 мај**

**Работниците задолжени за косење на нараснатата трева од зелените јавни површини, работеа во урбаната заедница „ Владо Тасевски“. Во рамки на нивните редовни активности и задоженија, општинските служби, по претходно утврден план и динамика на работа, ја косат тревата и ги отстрануваат тревните растенија по рабниците од тротоарите на локалните (сервисни) улици, кои се под надлежност на Општината.**

**Освен на оваа локација, работниците ја косат тревата и на потегот од паркот во Козле (спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“) в долж улицата „Васил Чакаларов“, кон населбата Влае .**

**Тековно, работниците за одржување на чистотата и хигиената на улиците и јавните површини, секојдневно метат и го собираат малиот џебен отпад.**

**Како локална самоуправа, постојано апелираме за поголема свесност и совесност во одржување на животната средина и на нашиот заеднички јавен и урбан простор.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ПОБОГАТА ЗА УШТЕ 1000 НОВИ САДНИЦИ

**19 мај**

**Започна пролетното хортикултурно уредување на територија на Општина Карпош. Садници од видот на фотинија, туја, нандина, боксус и други, ќе бидат насадени на претходно утврдени локации ширум општината, каде што веќе има поставено системи за наводнување и каде што ќе има лица задолжени за полевање на истите. Карпош, во рамки на ова пролетно хортикултурно уредување, ќе се раззелени и збогати со околу 1000 садници кои се повеќегодишни украсни растенија .**

**Вложувањето во животната средина е трајна придобивка за сите сегашни и идни генерации. Општина Карпош како најзелена Општина во целата држава, ќе продолжи да ја негува оваа традиција која е посветена на создавање на нови зелени површини.**



# ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА И УРБАНАТА ОПРЕМА

**19 мај**

**Општина Карпош започна со пролетна акција за реконструкција и реновирање на детските игралишта кои се на територија на локалната самоуправа, реконструкција и промена на оштетените клупи и корпи за ситен отпад, како и останатата урбана опрема која се наоѓа на територијата која е во надлежност на општината.**

**Според предвидената динамика, сите детски игралишта и останата урбана опрема, во најскоро време ќе добијат нов сјај и подобар изглед и ќе бидат безбедно место за игра на најмалите жители, како и место за релаксација на сите карпошани.**

**Заменик-градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски, секојдневно е на терен и ја следи работата на екипите кои работат на реконструкција и реновирање низ локалната самоуправа.**

**Посветената и одговорна работа на општинското раководство и општинските служби продолжува во насока на обезбедување на сигурен, безбеден и достоинствен живот на сите наши граѓани.**



# ОПШТИНА КАРПОШ СО АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА АЛДА 2026 ВО МАЛТА: „ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА КОЈА ИСПОРАЧУВА“

**20 мај**
**Генералното собрание и Фестивал на АЛДА 2026 (Европска асоцијација за локална демократија), кој се одржа под мотото „Локална демократија која испорачува“ (Local Democracy that Delivers), понуди интензивна програма посветена на иднината на локалната самоуправа, граѓанското учество и демократската отпорност во Европа и пошироко. Како полноправна членка на оваа престижна меѓународна мрежа, Општина Карпош зеде активно учество со своја делегација предводена од Александра Теова и Роберт Јанковски.**

**Во рамките на сесијата посветена на проширувањето на ЕУ, насловена како „Локалната демократија го обликува следното проширување на Европа“ (Local Democracy Shaping Europe's Next Enlargement), свое забележително излагање имаше претставникот на Општина Карпош, Роберт Јанковски. Тој пред присутните европски претставници и институции децидно нагласи дека Карпош е веќе дел од Европа — како модерна, успешна и напредна општина која ја поседува најдобрата администрација во Македонија и која успешно се справува со сите современи предизвици. Јанковски ја истакна и исклучителната проактивност на локалната самоуправа, посочувајќи дека само во текот на оваа година Карпош има аплицирано со повеќе од 20 проекти кон различните европски фондови.**

**Престојот во Малта делегацијата на Општина Карпош го искористи за остварување на бројни контакти, билатерални средби и размена на корисни искуства со колеги од над 45 земји, при што се договорени и конкретни партнерства за заеднички настап кон фондовите од ЕУ. Покрај официјалната програма, делегацијата оствари и исклучително важна средба со збратимената општина Сенглеа од Малта, каде претставниците на Карпош беа примени од извршниот секретар на општината, Грациела Гелел (Graziella Gellel). На овој состанок детално се дискутираше за подготовка на заеднички проекти во рамките на програмите ЦЕРВ (CERV – Граѓани, еднаквост, права и вредности) и Еразмус+.**

**Настанот на АЛДА понуди и низа високи институционални придонеси, вклучувајќи го и официјалното усвојување на клучниот „Манифест за локална демократија што испорачува“, кој ја реафирмира улогата на локалните власти во градењето доверба кај граѓаните. Учесниците дебатираа на теми поврзани со етичката примена на вештачката интелигенција во локалното управување, обликувањето на Младинската политичка агенда 2026–2028, како и вклучувањето на заедниците во одржливото управување со водите.**

**Собранието беше заокружено со проширување на мрежата на АЛДА, која денес брои над 300 членки, како и со потпишување меморандуми за соработка со европските мрежи ICLEI Europe и ACTE. Преку ова учество, Општина Карпош уште еднаш го потврди својот фокус кон примена на врвните европски практики на локално ниво и континуираниот развој на општината преку искористување на европските фондови.**

## ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКИТЕ СЛУЖБИ

**20 мај**
**Општинските служби, во рамките на своите тековни и редовни активности, работат на реализација на повеќе суштински задачи.**

**Во тек е акција за реконструкција на детските игралишта, замена и поправка на урбаната опрема, клупи, канти за ситен отпад, согласно потребите на теренската состојба.**

**Паралелно, пролетната акција за хортикултурно уредување се спроведува согласно предвидената динамика и потреба, сѐ со цел зазеленување и разубавување на јавниот простор на територија на општината.**

**Службите задолжени за косење и одржување на зелените површини, во текот на денешниот ден се распоредени на неколку локации во урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“, “Карпош 2“ и „Владо Тасевски “ (на Млечен). Исто така, работниците ангажирани за одржување на јавната хигиена, секојдневно ги чистат локалните улици и парковите кои се во надлежност на Општина Карпош.**

**Работиме посветено и одговорно, во служба на граѓаните!**

# ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА И УРБАНАТА ОПРЕМА

**20 мај**

**По претходно утврдена фактичка состојба на терен, план и динамика, фирмата задолжена за реконструкција и реновирање на урбаните елементи од детските (урбани) игралишта, кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа, како и реконструкција и одржување на клупите и корпите за отпадоци, Општина Карпош започна пролетна акција во која ќе ги заменува старите, оштетени и дотраени урбани елементи, онаму каде што е потребно. На плоштадот „ПБК“ во населбата Козле, (спроти студентскиот дом “Гоце Делчев“, екипите ги заменија сите оштетени седишта за лулашки и клацкалки, го прицврстија долниот дел од двете лизгалки и ја бојадисаа металната конструкција на игралиштето (лизгалки, клацкалки, тобоган).**

**Пред новоизградениот базен во населбата Карпош 4, веднаш до салата Наум Наумовски –Борче (Партизан), беше заменет предниот дел од оградата, заедно со влезната порта, со посоодветна ограда и порта, додека на две клупи, во предниот дел од Т.Ц „Лептокарија“, насочен кон бул. „Партизански одреди“, беа земенети дрвените оштетени кадрони со нови дванаесет парчиња на број.**

**Општина Карпош во континуитет вложува во одржување и модернизација на постојните детски игралишта, кои се над 50 на нејзината територија, што ја прави општина со најголем број на ваков вид на урбани игралишта во Скопје.**

**Како свртилишта за најмладите наши жители, кои заедно со своите родители рекреираат и другаруваат на овие детски игралишта, особено во пролетните и летни месеци, упатуваме особен апел до сите граѓани, заеднички да се грижиме и да ги одржуваме во функционална состојба детските (урбани) игралишта и соодветната урбана опрема , бидејќи станува збор за места за релаксација на сите генерации карпошани, од најмлади до највозрасни.**



# ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА И УРБАНАТА ОПРЕМА

**21 мај**
**Членовите на Советот ги разгледуваа и полноправно одлучуваа за 19 точки кои се најдоа на дневниот ред, во рамки на 13-тата седница која се одржа денеска во просториите на Општина Карпош. По деталната презентација на раководителката на Секторот за финансиски прашања, мнозинството советници ги поддржаа измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.**

**Имено, потребата за донесување на оваа Одлука произлезе од доделените средства од страна на Министерството за финансии, за данок на додадена вредност во износ од 28.580.290 денари, како и за распоредување на пренесениот вишок од минатата година, кај буџетската сметка во висина од 23.319.669 денари. Исто така, пренесениот вишок од минатата година кај блок дотациите изнесува 3.636.683 денари. Според образложението, постојат промени на износите на одредени ставки во сите колони во консолидираниот Буџет на Општина Карпош. Поточно, промени се јавуваат во приходниот дел, каде што претходниот износ од 1.332.434.279 денари се зголемува на износ од 1.377.715.599 денари.**

**Во колоната на расходи од дотации, сумата во расходниот дел се зголемува од износ 715.336.000 денари, на износ од 718.972.000 денари. Во програмата Ј40 – Јавна чистота е извршено зголемување од 55.700.000 на 58.700.000 денари. Во подпрограмата – Капитални расходи за основно образование, се зголемуваат средствата од 10.180.000 на 19.280.000 денари. Станува збор за потребни финансиски средства за опремување на спортските сали во основните училишта „Димо Хаџи Димов“ и „Братство“, кои се градат со средства доделени со Одлука на Владата на РСМ, каде што дел од финансиите се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош. Во колоната на Самофинансирачки активности пак, сумата во расходниот дел се зголемува од 79.151.000 на 84.550.000 денари, поради остварување на поголеми приходи од самофинансирачки активности. Овие средства се наменети за исплата на комунални услуги, за поправки и одржување на опрема и згради, договорни услуги, како и оперативни расходи за детските градинки и основните училишта на територија на Карпош.**

**Со одлука на Советот беа прифатени измените и дополнувањата на Програмите за 2026 година, за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност, за уредување на градежното земјиште на подрачјето на локалната самоуправа, за спортот, за информатичката технологија, како и активностите во областа на детската, социјалната и здравствената заштита.**

Општина Карпош ќе ги награди првенците на генерација, основците од најуспешните спортски екипи во фудбал, кошарка и одбојка за девојчиња, како и индивидуално прогласените ученици – спортисти, за постигнатиот успех во рамки на училишните спортски игри Карпош 2026, со меѓународна повеќедневна екскурзија во детскиот камп „Каливас“ (Грција).

Локалната самоуправа ќе обезбеди бесплатен неколкудневен престој во истоимениот детски камп во Грција и за осумте ученички – одбојкарки од Карпош, кои неодамна го освоија првото место на турнирот кој го организираше Општина Кисела Вода, по повод одбележување на нивниот патронен празник Св. Ѓоргија. Советниците ја поддржаа и Одлуката за наградување на професори – тренери и индивидуално прогласените ученици – спортисти, во училишните спортски лиги Карпош 2026. Со оваа Одлука, Општината ќе додели вкупно 19 парични награди за професорите по физичко воспитание, чија екипа го освои првото, второто и третото место во фудбал, кошарка и одбојка за девојчиња. Оттука, за освоено прво место, тројца професори ќе добијат 8.000 денари, за второ 6.000, додека пак, за освоено трето место, тројца професори – тренери ќе добијат 5.000 денари. За десетте ученици кои се прогласени како најдобри индивидуални спортисти во рамки на училишните лиги, Општина Карпош ќе додели парични награди во висина од 6.000 денари.

Советот даде согласност за Предлог – Одлуката, со која Македонската спортско – качувачка Федерација до крајот на оваа календарска година, ќе може бесплатно да ја користи вештачката алпинистичката карпа, која е во владение на Општина Карпош. За периодот за кој ќе ја користи, Федерацијата се обврзува дека ќе се грижи, тековно ќе ја сервисира и ќе ја одржува алпинистичката карпа, согласно намената за која е отстапен овој спортски објект.

На денешната седница беше постигнат консензус околу Предлог – Решението, со кое се формира шестчлена комисија составена од претставниците на Советот на Општина Карпош. Комисијата ќе има обврска да изработи Нацрт – Одлука за изменување и дополнување на Деловникот, чија Одлука треба да ја утврди Општинскиот Совет. Потоа, Комисијата ќе треба да изработи и Предлог – Одлука за измена и дополнување на Деловникот, како и Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош.

Членовите на Советот со мнозинство гласови ја усвоија и Предлог – Одлуката за прифаќање на донација од АД ХАЛКБАНК АД Скопје, за опремување на Ресурсниот центар на Општина Карпош. Вкупната вредност на оваа донација изнесува 376.850 денари, а тоа подразбира опремување со работни столчиња, бироа, плакари, клима уреди, лаптоп компјутери и принтери, за потребите на Ресурсниот центар, кој ќе функционира во рамки на спортскиот објект „Наум Наумовски Борче – Партизан“.

**Советниците дадоа „зелено светло“ за две донации за основното училиште „Братство“, една донација за ООУ „Димо Хаџи Димов“, како и за донацијата во корист на градинката „Пролет 2“. Имено, основните училишта „Братство“ и „Димо Хаџи Димов“ ќе бидат корисници на донација вредна 95.000 денари од Друштвотото за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ – Х ДООЕЛ. Станува збор за донирање на основни проекти за греење, ладење и вентилација за повеќенаменските спортски сали во основните училишта „Братство“ и „Димо Хаџи Димов“, фаза термотехника, кои ги изработи „ЕМ ГРУП Електрометал ДОО“, вклучувајќи и ревизија за истите. Прифатена беше и донацијата од Друштвото за производство, промет и услуги САНДРА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО во висина од 708.000 денари. Се работи за донација во вид на изработка на Елаборат за отстранување на постојна градба, односно за фискултурната сала во рамки на ООУ „Братство“.**

**Советниците дадоа согласност за прифаќање на донацијата од Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСОС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, за изработка на Елаборат за отстранување на постоечката градба во која функционира детската градинка „Пролет 2“. Вкупната вредност на оваа донација изнесува 1.354.645 денари со вклучен ДДВ.**

**Мнозински консензус беше постигнат и околу Предлог – Одлуката според која ќе биде изработена физибилити студија за утврдување на извори на техничка вода, на подрачјето на општина Карпош. Според образложението, оваа Одлука беше прифатена од причина што локалната самоуправа во континуитет се соочува со зголемени потреби од вода за одржување на големиот број на јавните зелени површини на нејзина територија. Исто така, техничката вода би се употребувала и за чистење на улиците во летните месеци, особено кога се јавува недостаток на вода за пиење.**

**Советот го поддржа и Предлог – Решението за изменување и дополнување на Решението, за разрешување и именување на член во Управниот одбор на детската градинка „Орце Николов“. Со истата динамика советниците ги изгласаа и двете Решенија за изменување и дополнување на Правилниците за систематизација на работните места, во детските градинки „Мајски Цвет“ и „Распеана младост“.**



# ОПШТИНА КАРПОШ РАСПИШУВА ЈАВНИ ОГЛАСИ ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

**Општина Карпош објавува јавни огласи за еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација, еднократна парична помош за спортски клубови од подрачјето на општината, како и на спортски клубови кои работат со млади категории.**

**Право на учество имаа спортските клубови, спортисти и рекреативци кои се жители на Општина Карпош и кои ги исполнуваат условите наведени во јавните огласи.**

**Заинтересираните клубови, спортисти и рекреативци, може да се информираат за условите, критериумите и потребната документација на следниве линкови:**

**ЈАВЕН ОГЛАС за доделување на еднократна парична помош од областа на спортот и спортската рекреација**
**https://shorturl.at/m30bP**

**ЈАВЕН ОГЛАС за еднократна парична помош на спортски клубови на подрачјето на Општина Карпош**
**https://shorturl.at/hlW8H**
**ЈАВЕН ОГЛАС за еднократна парична помош на спортски клубови на подрачјето на Општина Карпош кои работат со млади категории**
**https://shorturl.at/Pmvsr**



# ОПШТИНСКИТЕ СЛУЖБИ АКТИВНО РАБОТАТ НА ТЕРЕН

**22 мај**

**Во рамки на редовните програмски активности, општинските служби неделава беа ангажирани на повеќе локации низ локалната самоуправа, притоа интервенирајќи при сервисирање, уредување, реконструкција и санација на разни дефекти.**

**Имено, стручните лица во средата излегоа на терен и ги санираа дефектите на улучното осветлување во реонот на урбаните заедници Влае 1 и Влае 2. Во текот на вчерашниот ден, екипите работеа на поправка на лед светилките во урбаните заедници Карпош 3 и Карпош 4. Оваа акција продолжува и денеска на неколку локации низ Карпош 3, Карпош 2 и Карпош 1, а истата ќе трае с додека не се доведат во исправна состојба сите лед светилки на целата територија на Карпош.**

**Општинските служби работеа и го санираа дефектот со скинат кабел кој предизвика прекин на уличното осветлување на дел од улиците Леринска и Ловќенска во населбата Козле.**

**Тековно се спроведуваат и активностите за косење и одржување на зелените површини, кои се во надлежност на Општина Карпош. Во текот на денешниот ден, службите за одржување на зеленилото работат на територија на урбаната заедница „Пецо Божиновски Кочо“ (Жданец и Трнодол), додека пак работниците задолжени за одржување на хигиената на јавниот простор, тековно и редовно ги извршуваат своите работни задачи на јавниот простор во Карпош.**



# ПОСЕТА НА ПОЛУМАТУРАНТИТЕ ОД ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

**22 мај**

**Деветоодeленците од ООУ „Владо Тасевски“, денеска ја посетија Општина Карпош и одржаа едукативна средба со заменик-градоначалникот Неделчо Крстевски и со претставници на општинската администрација и Советот на Општина Карпош. Во рамки на изборниот предмет ,,Истражување на родниот крај”, на тема ,,соработка со општината”, учениците поставуваа прашања кон надлежните и се интересираа како функционира локалната самоуправа.**

**Основците преку своите прашања јасно ги презентираа интересите на најмладите: уредени спортски терени и места за рекреација и дружба, урбани скверови, културни настани на отворено и чиста животна средина.**
**Во оваа пригода раководството на Општина Карпош им вети на учениците дека ќе работи напорно на создавање на услови, во кои младите карпошани ќе имаат свој простор и можност за урбано делување, дебатирање и надградување на сопствените образовни капацитети.**

